**ЗАПИСНИК**
**од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 06.09.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од прво продолжение на 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 29.08.2023 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 6-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.08.2023 година.
3. Усвојување на Предлог-записник од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.08.2023 година.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот Алтра-сат 2000 од Охрид, за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
5. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од прво продолжение на 27-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 29.08.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 6-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.08.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.08.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот Алтра-сат 2000 од Охрид, за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека кај радиодифузерот со надзорот е констатирано дека го реемитува програмскиот сервис „Алфа ТВ“ кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата. Претпоставува дека станува збор за превид, но без оглед на тоа сепак има прекршување на член 141 од ЗААВМУ и предложи да се изрече мерка јавна опомена и да му се наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-3313/1 од 31.08.2023 година и едногласно заклучи на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА-САТ 2000 ДООЕЛ Охрид да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Трговското друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА-САТ 2000 ДООЕЛ Охрид, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Охрид, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „Алфа ТВ“ кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово. Објасни дека согласно Одлуката на Советот за одземање на дозволата на овој радиодифузер, следниот чекор е бришење од регистарот. Ова е формална одлука.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека ова е уште една неубава вест затоа што последниве неколку години има по неколку медиуми кои најчесто од финансиски причини престануваат да постојат. Во таа насока рече дека сепак има доволно медиуми во Македонија и не е намалена можноста за демократија, околу 100-тина.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-3375/4

25.09 **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**